Друштво за производство на мелнички, пекарски и други производи и промет на мало и големо ЖИТО ПОЛОГ АД
Бр. 02- 389/7
17. 12. 2024 год.
Тетово

Врз основа на член 61 од Статутот на Жито Полог Ад Тетово(Пречистен текст), како и членовите 382, 383 од Законот за трговски друштва , Собранието на акционери на Жито Полог АД Тетово , на седницата одржана на ден 17.12.2024 година ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за купување на удел од Трговското друштво

**Член 1**

**СЕ ОДОБРУВА** купување на Удел кој претставува 100% од основната главнина на Трговското друштво со основна дејност купување и продажба на сопствени недвижнини, со седиште во Р.Бугарија, по купопродажна цена не повеќе од 16.000 евра односно во денарска противвредност не повеќе од 985.000 денари која вредност изнесува 0,18% од книговодствената вредност на имотот на Жито Полог АД- Тетово определена врз основа на последните ревидирани финансиски извештаи на друштвото за 2023 год.

**Член 2**

Собранието на акционери на Жито Полог Ад – Тетово **потврдува и одобрува** дека вредност на зделката цитирана во член 1 од оваа одлука изнесува 985.000 денари односно претставува 0,18% од книговодствената вредност на Жито Полог Ад – Тетово утврдена врз основа на последните ревидирани финансиски извештаи на друштвото за 2023 година и не надминува 20% од книговодствената вредност на имотот на Жито Полог АД Тетово според последните ревидирани финансиски извештаи на Друштвото и според одредбите на Законот за трговски друштва и Статутот на Друштвото не претставува голема зделка .

**Член 3**

**СЕ ОВЛАСТУВА** Одборот на директори на Жито Полог АД Тетово врз основа на оваа одлука да донесуваа соодветни одлуки за спроведување и реализација на оваа одлука, а Генералниот Извршен директор да го потпише и завери пред надлежен нотар Договорот за пренос на удел , да склучува и потпишува договори во врска со реализцијата на оваа одлука, како и да ги потпише сите други акти и да ги преземе сите дејства потребни за реализација на оваа одлука и упис на промената во Централниот регистар на РМ.

**Член 4**

Со донесување на оваа одлука Друштвото потврдува дека се исполнети условите за полноважно одлучување и донесување на оваа одлука согласно одредбите од Законот за трговските друштва и важечкиот Статут на Друштвото.

**Член 5**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

По еден примерок од Одлуката да се достави до: правен сектор, сектор за финансии, архива.

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**Славица Мишеска Стојановска**

ЖИТО ПОЛОГ АД
ТЕТОВО